Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 15-2049/4

Дата: 16.05.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**До:** **ГРАД СКОПЈЕ**
**- Сектор за планирање и уредување на просторот**

**Предмет:** Достава

**Врска:** Ваш бр. 13-707/1 од 20.02.2012 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за Услови за планирање на просторот под бр. 15-2049/1 од 23.02.2012 год. за изработка на **Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022**, Ви го доставуваме Решението за Услови за планирање на просторот под бр. 15-2049/4 и Елаборатот за Услови за планирање на простророт со тех. бр. 07712 изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје.

Изработил: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил: Виолета Дракуловска

**Министер**
**Abdilaqim Ademi**

**Прилог:** - **Решение за Услови за планирање на просторот бр.15- 2049/4**
- **Елаборат за Услови за планирање на просторот, тех.бр. 07712**

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Град Скопје, го донесе следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-2049/4
16.05. 2012 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Град Скопје се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. 07712** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над II категорија). Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I-II класа во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Во опфатот на ГУП на град Скопје има регистрирани локалитети заштитени како природно наследство.
При изработка на документација од понизок степен, се препорачува да се утврдат точните позиции на локалитетите во однос на опфатот на градот. Доколку се констатира близина на опфатот со некое природно богатство или истото е во опфатот, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното богатство и на биодиверзитетот во просторот и при тоа да се почитуваат одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија како и ограничувањата кои произлегуваат од режимите за заштита и законската легислатива.

7. Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) во просторните и урбанистичките планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително треба да се утврдат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

**Образложение**

Град Скопје, врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.39/04), поднсее барање со бр. 15-2049/1 од 23.02.2012 год.,за издавање на Услови за планирање на просторот за иработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија преставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр.39/04), издава **Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Скопје 2012-2022.**

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПОУКА:** Против ова Решение странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Влада на Република Македонија, за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина.

Изработил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Виолета Дракуловска

**М И Н И С Т Е Р**
**Abdilaqim Ademi**